РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СОБРАНИЕ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 33-770/4
07.02.2019 год.
СКОПЈЕ

**ЗАПИСНИК ОД СПРОВЕДЕНИ ИНТЕРВЈУА СО КАНДИДАТИТЕ ПО ОГЛАСОТ ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА - ОБЈАВЕН ВО „СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА БР.14/2019“ ОД 22.1.2019**

На ден 3.2.2019 година, со почеток во 10:00 часот, во Сала „Борис Трајковски“ во Собранието на Република Македонија, започна спроведувањето на интервјуа со пријавените кандидати кои ги исполниле условите по Огласот за именување на претседател и членови на Државната комисија за спречување на корупцијата, објавен во „Службен весник бр.14/2019“ од 22.1.2019 и во дневните весници „Нова Македонија“, „Слободен печат“ и „Коха“ и на веб-страницата на Собранието на Република Македонија и на Државната комисија за спречување на корупцијата.

Интервјуата со кандидатите се спроведуваа во период од четири дена (недела, понеделник, вторник и среда) и завршија на 6.2.2019 во 17:30 часот.

Интервјуата се одвиваа по утврдениот распоред на кандидати согласно Записникот од административна проверка и Листата на пријавени кандидати за претседател и членови на државната комисија за спречување на корупцијата кои ги исполниле условите (по азбучен ред на презимето на кандидатот) со архивски број 33-770/2 од 1.2.2019 година објавен на веб страницата на Собранието на Република Македонија на 2.2.2019 година.

Интервјуата ги спроведуваше Комисијата за селекција на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Комисија за селекција), формирана со Решение број 16-569/11 од 29.01.2019 година донесено од Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија на јавна седница на Комисијата за прашања на изборите и именувањата на Собранието на Република Македонија.

Комисијата за селекција беше во следниов состав: м-р Драги Целевски, државен советник, номиниран од Народниот правобранител; Сабина Факиќ, претставник на здружението односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Демократија и владеење на правото; Бесим Небиу, претставник на здружението односно фондацијата назначен за член во Советот за соработка помеѓу Владата и граѓанскиот сектор за областа Медиуми и информатичко општество; Артан Груби, пратеник во Собранието на Република Македонија; Зоран Илиоски, пратеник во Собранието на Република Македонија и Владанка Авировиќ, пратеник во Собранието на Република Македонија, а со Комисијата претседаваше Мухамед Зеќири, пратеник во Собранието на Република Македонија и претседател на Комисијата за селекција.

Покрај претседателот и членовите на Комисијата за селекција, на интервјуата учествуваа и поставуваа прашања до кандидатите и претставници на здруженија на новинари, други здруженија и фондации номинирани согласно член 12 став 16 и став 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси објавен во „Службен весник бр.12/2019“ од 19.1.2019, како и претставници номинирани од Народниот правобранител, Македонската Академија на Науките и Уметностите и Интеруниверзитетската конференција, согласно член 12 став 15 од истиот закон и тоа:

- На интервјуата кои се одржаа на 3.2.2019 година учествуваа: Вера Коцо, член на Управен одбор на Институт за човекови права, предложена од Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје; Проф. д-р Биљана Ангелова, проректор за финансиски инвестиции и развој на Универзитет "Св. Кирил и Методиј " - Скопје; Сашка Цветковска, член на Управен одбор на Здружение на новинари на Македонија, предложена од Здружение на новинари на Македонија; Тамара Чаусидис, уредничка на интернет публикацијата на Балканска Истражувачка Репортерска мрежа, предложена од Балканска Истражувачка Репортерска мрежа; Ана Јаневска Делева, извршен директор на Здружение Транспарентност Македонија; Снежана Камиловска Трповска, соработник на проекти во Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС и Миша Поповиќ, претставник од Здружение Институт за демократија Социетас цивилис.

- На интервјуата кои се одржаа на 4.2.2019 година учествуваа: Вера Коцо, член на Управен одбор на Институт за човекови права, предложена од Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје; Проф. д-р Биљана Ангелова, проректор за финансиски инвестиции и развој на Универзитет "Св. Кирил и Методиј " - Скопје; Ана Јаневска Делева, извршен директор на Здружение Транспарентност Македонија; Снежана Камиловска Трповска, соработник на проекти во Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС и Методи Зајков, претставник од Здружението Транспаренси Интернешнл Македонија

- На интервјуата кои се одржаа на 5.2.2019 година учествуваа: Вера Коцо, член на Управен одбор на Институт за човекови права, предложена од Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје; Сашка Цветковска, член на Управен одбор на Здружение на новинари на Македонија, предложена од Здружение на новинари на Македонија; Тамара Чаусидис, уредничка на интернет публикацијата на Балканска Истражувачка Репортерска мрежа, предложена од Балканска Истражувачка Репортерска мрежа; Ана Јаневска Делева, извршен директор на Здружение Транспарентност Македонија; Снежана Камиловска Трповска, соработник на проекти во Македонски центар за меѓународна соработка МЦМС; Миша Поповиќ, претставник од Здружение Институт за демократија Социетас цивилис и Методи Зајков, претставник од Здружението Транспаренси Интернешнл Македонија.

- На интервјуата кои се одржаа на 6.2.2019 година учествуваа: Вера Коцо, член на Управен одбор на Институт за човекови права, предложена од Здружение на граѓани Институт за човекови права - Скопје; Елена Мујоска, претставник од МАНУ; Тамара Чаусидис, уредничка на интернет публикацијата на Балканска Истражувачка Репортерска мрежа, предложена од Балканска Истражувачка

Репортерска мрежа; Сашка Цветковска, член на Управен одбор на Здружение на новинари на Македонија, предложена од Здружение на новинари на Македонија; Ана Јаневска Делева, извршен директор на Здружение Транспарентност Македонија; Снежана Камиловска Трповска, соработник на проекти во Македонски центар за меѓународна соработка; Марко Трошановски, претставник од Здружение Институт за демократија Социетас цивилис и Слаѓана Тасева и Методи Зајков претставници од Здружението Транспаренси Интернешнл Македонија.

Во текот на интервјуата, прашања до некои од кандидатите поставија и пратениците Ивана Туфегџиќ, Панчо Минов, Ејуп Аљими, Јулиана Николова, како и Горан Мисовски, пратеник и потпретседател на Собранието на Република Македонија.

До Комисијата за селекција пристигна уште една пријава од кандидат кој ја доставил пријавата преку пошта на 28.1.2019 година, а во писарницата на Собранието на Република Македонија е пристигната на 4.2.2019 година, со архивски број 16-445/94. Бидејќи пријавата е испратена во законски предвидениот рок, Комисијата ја разгледа пријавата и приложените документи и едногласно од вкупниот број на присутни пратеници-членови на Комисијата за селекција, констатира дека пријавата под архивски број 16-445/94 има некомплетна документација и поради тоа со кандидатот нема да се спроведе интервју.

Од вкупно 57 кандидати кои беа уредно известени за датумот, местото и времето на одржување на интервјуто, со 56 кандидати се спроведе интервју. Еден кандидат, иако уредно повикан, не дојде на закажаното интервју со што согласно член 12 став 11 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, се смета дека кандидатот ја повлекол пријавата за претседател или член на Државната комисија.

Интервјуа се спроведоа со следниве кандидати:

| | Презиме | Име | Кандидатот се пријавил за претседател/член |
|---|---|---|---|
| 1 | **Алтанџиева** | **Тања** | **претседател и член** |
| 2 | **Апостоловски Велинов** | **Лепосава** | **претседател и член** |
| 3 | **Асани** | **Нијази** | **член** |
| 4 | **Бајрами** | **Нури** | **член** |
| 5 | **Биковски** | **Златко** | **член** |
| 6 | **Биткоски** | **Ристо** | **член** |
| 7 | **Бондиќова** | **Габриела** | **член** |
| 8 | **Бошкоски** | **Дарко** | **член** |
| 9 | **Варналиева** | **Сузана** | **член** |
| 10 | **Величковски** | **Зоран** | **член** |
| 11 | **Вељановски** | **Крсте** | **член** |
| 12 | **Вуксановиќ** | **Оливер** | **претседател и член** |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 13 | Георгиев | Владимир | член |
| 14 | Ѓорѓиева | Јулита | член |
| 15 | Далипи | Газменд | член |
| 16 | Димов Марковска | Дона | член |
| 17 | Довлев | Никола | претседател |
| 18 | Докузов | Панче | претседател и член |
| 19 | Елмази | Џемаил | член |
| 20 | Здравески | Вецко | член |
| 21 | Ивановска | Билјана | претседател и член |
| 22 | Илиевски | Ангеле | претседател и член |
| 23 | Ицевски | Горан | член |
| 24 | Јонузи | Афиз | член |
| 25 | Клековски | Владимир | член |
| 26 | Котушевски | Илија | член |
| 27 | Крстевска Савовска | Катерина | член |
| 28 | Крстевски | Душко | претседател и член |
| 29 | Лазареска Героска | Радица | претседател и член |
| 30 | Лутфи | Ајет | член |
| 31 | Малахова | Маја | претседател и член |
| 32 | Мамути | Афет | член |
| 33 | Маневски | Ѓорѓи | претседател и член |
| 34 | Мемети | Насер | член |
| 35 | Мизрахи | Рахамин | член |
| 36 | Митевски | Горан | член |
| 37 | Митковски | Слободан | претседател и член |
| 38 | Муртезани | Ељуард | член |
| 39 | Наумовски | Гоце | член |
| 40 | Николовска | Јулија | член |
| 41 | Николовска | Катица | член |
| 42 | Пантовиќ | Коста | член |
| 43 | Пејовска Дојчиновска | Софка | член |
| 44 | Петковиќ | Зоран | претседател и член |
| 45 | Попова | Светлана | член |
| 46 | Поповски | Борис | претседател и член |
| 47 | Салаи | Шемши | претседател и член |
| 48 | Симеонова | Катерина | член |
| 49 | Симов | Душко | член |
| 50 | Спасовска | Марта | член |
| 51 | Спиров | Ѓоко | претседател и член |
| 52 | Стојкоски | Вукашин | член |
| 53 | Темелкоски | Сашо | член |
| 54 | Трлин | Мирослав | претседател и член |
| 55 | Трпеноски | Горан | член |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 56 | Штрковска Колариќ | Јулијана | член |

Кандидат кој не се појави на интервјуто:

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Јусуфи | Шабан | член |

Со секој од кандидатите се водеше структурирано интервју, во траење од најмногу 30 минути, водејќи сметка за еднаков и фер однос кон сите кандидати.

Интервуто со кандидатите се состоеше од четири дела:

Дел 1. Претставување на кандидатот.

Кандидатот треба да даде лична визија и план за работата и план за комуникација на Државната комисија.

Дел 2. Општи прашања, кои вклучуваа:

. 2.1. Прашања во врска со претходно работно искуство (што работеле, кои се нивните успеси и кои им биле предизвиците);

2.2. Прашања за интересот и мотивацијата на кандидатот да стане претседател односно член на Државната комисија (колку ги познаваат надлежностите, досегашната работа на Државната комисија, да наведат достигнувања и неуспеси на Државната комисија, очекувања од нивната работа во Државната комисија, како и дел од претходно работно искуство кое би ја унапредило работата на Државната комисија и сл.);

2.3. Прашања за морал, етика и интегритет на кандидатот.

Дел 3. Посебни прашања, кои вклучуваа:

3.1 Прашања за утврдување на способност за тимска работа и разрешување на конфликти и кризни ситуации;

3.2 Прашања за мотивирање и водење на тимот (за кандидатите за претседател на Државната комисија);

3.3 Дефиниција и разбирање за различни видови и нивоа на корупција, за штетните ефекти од корупцијата и начини и форми на спречување на корупцијата, за добро управување, за владеење на правото итн.

Дел 4. Прашања од учесниците.

4.1. Прашања поврзани со една од областите наведени во делот 2 или делот 3 од интервјуто.

Секој член на Комисијата за селекција за секој кандидат водеше евиденција и врз основа на одговорите на кандидатите пополни и потпиша формулар за бодување.

Врз основа на бодувањето на претседателот и членовите на Комисијата за селекција, се изготви следнава Ранг-листа на кандидати за претседател и за членови на Државната комисија со име и презиме, вкупен број на освоени бодови и образложение.

**КОМИСИЈА ЗА СЕЛЕКЦИЈА НА КАНДИДАТИ ЗА ПРЕТСЕДАТЕЛ И ЗА ЧЛЕНОВИ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**

– Претседател
Мухамед Зеќири

_______________________

– Член
Владанка Авировиќ

_______________________

–Член
Артан Груби

_______________________

– Член
Зоран Илиоски

_______________________

– Член
Сабина Факиќ

_______________________

– Член
Драги Целевски

_______________________

– Член
Бесим Небиу

_______________________